M11/1/A1MAC/SP1/MAC/TZ0/XX

22110183

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

**MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Wednesday 11 May 2011 (morning)
Mercredi 11 mai 2011 (matin)
Miércoles 11 de mayo de 2011 (mañana)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only. It is not compulsory for you to respond directly to the guiding questions provided. However, you may use them if you wish.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages. Le commentaire ne doit pas nécessairement répondre aux questions d'orientation fournies. Vous pouvez toutefois les utiliser si vous le désirez.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento. No es obligatorio responder directamente a las preguntas que se ofrecen a modo de guía. Sin embargo, puede usarlas si lo desea.

2211-0183

© International Baccalaureate Organization 2011

*Коментирајте* ***еден*** *од следниве:*

**1.**

**Патник**

Неповратни се
деновите изминати
вечен патнику!

Деновите како ѓердан
во туѓина растурени.
Никој не е виновен.

Патнику вечен
во потрага по она друго сонце!

Зошто ви иднината
не ти талка мислата
туку за минатото сонуваш
кое толку брзо поминало.

Си се зашеметил од патувањата!

Каде е времето
кога песна се пееше,
оро се играше?

Ветерот…
Да, ветерот
и тој си поигрува…

Понекогаш.
Отиде
со ветерот
по ѕвездите
и кој знае
каде се запре!

Солзите ги испрати
по реката.
Спиеш со надеж…
Дали мајко,
пристигнаа нашите пораки?

од Душан Ристевски, *Фрагменти* (1989)

– Објаснете го значењето на насловот “патник”.

– Произнесете се за темата носталгија во песната.

– Дискутирајте за стилските елементи во песната.

– Раскажете за чувствата што песната може да побудува кај читателот.

**2.**

**Обединувањето на Македонија**

– Еднаш додека бевме излезени, нé сретна еден мој пријател. Оној Мице, го знаш… Нé покани на ручек кај него. Сакал да прави муабет со Славица за Австралија. Тоа беше одамна, во времето на комунизмот…

– И?

– И отидовме. Мице убаво нé дочека. Живееше со жена му и двете деца. Јадевме пастрмајлии и пиевме вино, седевме и разговаравме. Мице тогаш живееше многу сиромашно. Во една стара и трошна куќичка, со излупени ѕидови и ниски тавани.

– Тој и сега таму живее. – дополни Југомил.

– Добро де… Но, слушни што се случи потоа… Мице ја праша Славица колкава ѝ е платата. Таа се мамурти и рече: “Слаба ми е. Воопшто не сум задоволна.” Јас ја замолив сепак да ни каже колку е, а таа одговори дека земала три илјади австралиски долари месечно. Знаеш ли колку пари е тоа?

– Знам. – рече Југомил – Тоа е… околу сто и пет-шеснаесет илјади денари или околу две илјади евра сегашни пари.

– Така. Ако знаеме дека малопродажните цени во Австралија се горе-долу исти како овде, замисли колку пари зема таа.

– Е добро де, не е малку. – потврди Југомил.

– Да, но таа беше незадоволна од таквата плата. Велеше дека мажите кои биле вработени на исти работни места земале многу повеќе. Рече дека планира да бара друга работа.

– Сé уште не разбирам што сакаш да кажеш – нетрпеливо праша Југомил.

– Ќе слушнеш… Разговорот продолжи. Го прашав Мице: “Мице, како живееш ти?”. Тој без размислување ми одговори: “Супер! Задоволен сум. Имав две собички, но летово успеав од шупата во дворот да направам уште една. Сега имам три соби и добро ми е.”

Архангел замолча, со надеж дека Југомил ќе се сети што сака да му каже.

– Хм… – почна да се замислува Југомил.

Откако виде дека не реагира, Архангел продолжи:

– Ја сфати ли разликата во психологијата и во начинот на размислување? Славица со три илјади долари велеше дека е “незадоволна” и дека ќе се бори да добие повеќе, а нашиот кутар Мице, кој живееше со жена и две деца во три никакви собички, од кои едната била шупа, рече дека бил “задоволен”. Тоа е што сакам да ти го објаснам. Тоа е директна последица од комунистичкиот начин на размислување во стилот: “Ние имаме сé и ништо не ни треба.” Но, на Запад поинаку ги воспитуваат децата.

од Александар Донски, *Обединувањето на Македонија*, Штип (2008)

– Која е главната тема во овој извадок?

– Дискутирајте за дидактичниот елемент на извадокот од романот.

– Опишете го ефектот врз читателот на симболот на “собичките” во извадокот.